ИЗВЕШТАЈ
ОД СПРОВЕДЕНИТЕ КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ПО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКАТА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Согласно член 8 и 9 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони (“Службен весник на Република Македонија“ бр.150/11), Министерството за финансии пред поднесување на Предлог на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, се овозможи јавен увид на предложениот текст на законот, односно истиот беше објавен на ЕНЕР, заедно со образец број 1-План за почетна процена на влијанието на регулативата и обрзец број 2 –Иницијалната проценка на влијанието на регулативата. Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да го дадат своето мислење и коментари по Предлог на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор.

Министерството за финансии известува дека од јавниот увид нема добиени коментари од засегнатите страни, како и мислења и предлози по однос на Предлог на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, по објавувањето на ЕНЕР.

Согласно член 4 од Упатството, Министерството за финансии Предлог на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор заедно со пропишаните прилози ги објави на веб страната на Министерството за финансии.

По Предлог на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор добиено е мислење од Секретаријатот за законодавство и Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за информатичко општество.

Министерството за финансии постапи и изврши усогласување по забелешките на Предлог на законот со мислеата добиени од Секретаријатот за законодавство, Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администрација.

Скопје, 8 јуни 2012 година